Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURES
Бр.-Nr. 50-1552/2
13.02.2023 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 70-в став 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15,154/15,39/16и 11/18), министерот за култура донесе

# ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА НОВИ ОБЈЕКТИ И ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА, САНАЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА ПОСТОЈНИТЕ ОБЈЕКТИ ШТО ГИ КОРИСТАТ НАЦИОНАЛНИТЕ УСТАНОВИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2023 ГОДИНА

1. Со оваа Програма се определуваат видот, носителот на активностите и износот на планирани финансиски средства за изградбата на нови објекти од областа на културата и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2023 година.

2. Со оваа програма се планира да се реализираат следниве активности:

| Ред. бр. | Опис на активноста | Носител на активноста | Износ на финансиски средства |
|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на објект наменет за НУ Турски Театар во Скопје | НУ Турски Театар - Скопје | 117 090 000,00 денари |
| 2. | Изградба на нов објект наменет за театар и библиотека во Тетово | НУ ЦК „Иљо Антески – Смок" Тетово | 135 591 000 ,00 денари |
| 3. | Изградба на Стар театар во Струмица | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Струмица | 24 000 000,00 денари |
| 4. | Обезбедување на проектно - техничка документација за реконструкција на објектот на НУ Музеј на Република Северна Македонија, НУ Национална Галерија на Република Северна Мкедонија, НУ ЦК „Марко Цепенков" – Прилеп, НУ ЦК „Антон Панов" - Струмица | Министерство за култура | 16 000 000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | Реконструкција на објектот на НУ Музеј на Република Северна Македонија | Министерство за култура | 50 000 000,00 |
| 6. | Санација на кровна конструкција на стариот дел од објектот на НУ НУБ – обврски за стручен надзор „Св. Климент Охридски“ - Скопје | НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ - Сопје | 74 000,00 денари |
| 7. | Изведба на работи за реконструкција на објект на НУ Центар за култура „АСНОМ“ – Гостивар | НУ Центар за култура „АСНОМ“ – Гостивар | 1 926 000,00 денари |
| 8 | Изведба на работи за реконструкција на објект на НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово | НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово | 3 200 000,00 денари |
| 9. | Обезбедување на проектна документација за Реконструкција на објектите кои ги користат НУ Народен Театар Битола, НУ Центар за култура Битола и објект Театар во Велес | Министерство за култура | 3 100 000,00 денари |
| 10. | Санација на кровна конструкција на објектот НУ Музеј на современа уметност- Скопје | НУ Музеј на современа уметност-Скопје | 700,000,00 денари |

3. Финансиските средства за реализација на активностите од точка 2 на оваа програма во износ од 351 681 000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2023 година, Раздел 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата, програми – 41, 49, 50, 84 и 85 од ставките 482 – други градежни работи.

4. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на веб-станицата на Министерството за култура, а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Македонија.

Министерство за култура
Министер
Бисера Костадиновска-Стојчевска

Врз основа на член 70-в став 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, и 11/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 февруари 2023 година, донесе

# ОДЛУКА
## за давање согласност на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2023 година

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2023 година, бр. 50-1352/2 од 13.2.2023 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 41-1458/1**
**21 февруари 2023 година**
**Скопје**

**Прв заменик на претседателот**
**на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**

Подготвил: м-р Љубомир Кукоски, советник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата